Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12. 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КОЧАНИ
# ВО ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
# ВО 2024 ГОДИНА

I

## 1. ОСНОВА

Во 2024 година во областа на локалниот економски развој, Секторот за планирање и развој согласно надлежностите ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти и со аплицирање на нови. Во текот на 2023 година активно се работеше на аплицирање на постоечките отворени повици како од Владата на РМ и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

Реализацијата на Родово одговорната стратегија за одржлив развој на општина Кочани ќе биде приоритет, а имплементација на поголем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Кочани како посакувана дестинација за туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој, подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра целовкупна искористеност се само дел од овие цели. Соработката со партнерите од државно ниво како и Делегацијата на ЕУ во Македонија, амбасадите и претставништвата на другите земји во Република Македонија и останатите донатори повторно ќе бидат на високо ниво со цел реализација на проекти од заеднички интерес на територијата на Општина Кочани.

Во соработка со Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи, како и со Секторот за уредување и располагање со градежното земјиште, а и останатите одделенија релевантни за економскиот развој, Секторот за планирање и развој ќе се фокусира на подготовка на апликација и проектно-техничка документација за проекти од домашните и меѓународните фондови.

Заради реализирање на визијата на Општина Кочани во која главна цел е подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на граѓаните во општината, а бидејќи локалната самоуправа е главен носител на локалниот економски развој таа е должна да даде значаен придонес кон подобрување на економијата и социјалната состојба на нејзините граѓани. Еден од начините за остварување на овие цели е преку добивање на средства со аплицирање на проекти до домашни и меѓународни институции.

Во текот на 2023 година се реализираа повеќе проекти од кои позначајни се:

- Систем за ладење и греење во МКЦ преку Бирото за регионален развој;
- Проектот „Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион - Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани“ преку ЦРИПР;
- Дигитализација на општински услуги преку УНДП;
- Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите преку УСАИД;
- Избраните проекти од првиот повик од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2;

- Проектот EXCITE преку Хабитат Македонија;
- Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак од АФПЗРР и
- Препумпна станица за дел од системот Висока зона на притисок на град Кочани.

Во тек на реализација се следниве проекти:

- Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување преку GIZ;
- Конзервација и реставрација на Споменикот на слободата преку Амбасадата на САД;
- Избраните проекти од вториот повик од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2;
- Проектот од ROMACTED Програмата;
- Проектот PREPARE од Еразмус+ Програмата;
- Изградба на фекална канализациона мрежа на дел од населено место Оризари;
- Реконструкција на дел од ул.Стамен Манов;
- Проектот „Beyond the Urban“ преку URBACT Програмата;
- Проектите од Младинска локална банка и
- Намалување на загубите на вода во системот за водоснабдување и искористување на сончевата енергија во КЈП Водовод Кочани.

А во текот на 2024 година се очекува да започнат со реализација и следниве проекти:

- Проектот за замена на стари куќни водомери со нови хоризонтални и вертикални повеќемлазни водомери комплет со (Clip ON) радио модел како и замена на старите хоризонтални водомери со нови ултразвучни водомери и комбинирани водомери и нивна интеграција во системот за далечинско одчитување на КЈП Водовод - Кочани со негова надградба и набавка на дополнителна опрема за далечинско одчитување;
- Уредување на СРЦ Пониква преку ЦРИПР;
- Поставување на сообраќајна урбана опрема во градот Кочани;
- Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион ЦРИПР;
- Реконструкција на дел од кровот на ОУ Св. „Кирил и Методиј“ и
- Изградба на социјални објекти за дислокација на жителите од старата касарна.

Одделението за локален економски развој поднесе апликации и до други меѓународни донатори како што се Euro Med Програмата, Adrion Програмата, INTERREG ИПА Бугарија - Македонија и др. но бидејќи сеуште нема одговор за овие апликации, па средствата за нивната реализација во 2024, доколку бидат одобрени ќе бидат предвидени со измена и дополнување на оваа програма .

Секторот за планирање и развој и оваа година активно учествуваше во работата на Центарот за развој на Источниот плански регион, како и на стратешките документи за локален, рурален и регионален развој како и на развојот на туризмот, бизнис и туристичката промоција на Кочани.

При реализацијата на оваа програма ќе се внимава предложените мерки / активности / цели / резултати да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливи групи, како и реално да обезбеди еднакви можности за мажите и жените.

## 2. ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ

- Во 2024 година ќе се финализираат започнатите проекти и ќе се работи на подготовка на нови проекти за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови останува приоритет;

- Претставување на општината на домашни и меѓународни саеми;
- Соработка со останатите партнери во аплицирањето на меѓународни проекти и активности со цел зголемување на средствата преку фондовите достапни за Општина Кочани;
- Поддршка на Центарот за развој на Источниот плански регион и учество во регионалниот развој преку подготовка на стратегии и програми за развој, како и поддршка на Локалната акциона група Брегалница и Организацијата на потрошувачи.
- Имплементација на мерки од обласа на енергетската ефикасност согласно програмата за енергетска ефикасност;
- Развој на капацитетите на вработените за привлекување на нови инвестиции како и подготовка на проектни апликации до повиците за финансирање и развој на ЕУ;
- Организирање на презентации и инфо денови за програми и повици за проекти;
- Изработка на неопходни стратешки документи и акциони планови за развојот на локалниот економски развој на Општина Кочани.

## 3. ОПИС НА ПРОГРАМАТА

### 3.1 Генерална цел на Програмата

- Активна имплементација на добиени и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови;
- Следење и имплементација на стратешките документи за развој на Општина Кочани;
- Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување инвестиции;
- Зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината.

### 3.2 Специфични цели на Програмата

- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови;
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти;
- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инврестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства;
- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност;
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план;
- Соработка и интегрирање на потенцијалите на НВО секторот, како и заедничка подготовка и аплицирање на проекти пред домашните и меѓународните фондови.

### 3.3 Целни групи

- Граѓани на општина Кочани 31.602 (15.625 мажи и 15.977 жени);
- Бизнис заедница ( 1.317 активни деловни субјекти);
- Домашни и странски инвеститори ( зависи од структурата на инвеститорот);
- Невработени лица (2.341 од кои 1.132 жени);
- НВО ( 35% мажи и 65% жени);
- Туристи ( 50% мажи и 50% жени);
- Ученици ( 53% машки и 47% женски);
- Културни институции ( 32% мажи и 68% жени).

## 4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Реализација на добиените проекти и поднесување на нови апликации за нови проекти;
- Интензивиран локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции;
- Обучени службеници за аплицирање и имплементација на проекти;
- Имплементирани дел од препораките за енергетски мерки во јавните објекти во општината;
- Зајакната соработка со Центарот за Развој на Источниот плански регион;
- Зајакната соработка со проектните партнери и грант донатори;
- Зајакнати капацитети за промоција на Општината и привлекување инвестиции.

## 5. БУЏЕТ НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ЛЕР

| | | Активност | ОПШТИНА КОЧАНИ (МКД) | Надворешни фондови (МКД) | Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈД | Изградба на фекална канализациона мрежа на дел од населено место Оризари | 341.289 | 5.000.000 | 5.341.289 |
| 2 | ГА | Реализација на проектот за изградба на социјални објекти за дислокација на жителите од старата касарна | 0 | 16.000.000 | 16.000.000 |
| 3 | ЈД | Реконструкција на дел од кровот на ОУ Св. Кирил и Методиј | 0 | 13.558.000 | 13.558.000 |
| 4 | ЈА, ЕА | Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување | 163.000 | 3.067.752 | 3.230.752 |
| 5 | ЈД | Реконструкција на дел од ул.Стамен Манов | 2.866.185 | 2.125.215 | 4.991.400 |
| 6 | ЈН | Конзервација и реставрација на Споменикот на слободата | 0 | 13.000.000 | 13.000.000 |
| 7 | ЈН, Н1 | Проектот од ROMACTED Програмата | 0 | 150.000 | 150.000 |
| 8 | Р1 | PREPARE од Еразмус+ Програмата | 0 | 1.226.850 | 1.226.850 |
| 9 | ЈГ | Намалување на загубите на вода во системот за водоснабдување и искористување на сончевата енергија во КЈП Водовод Кочани | 12.049.485 | 10.697.064 | 22.746.549 |
| 10 | Г1 | Реализирање на проектите од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2- ReLOaD2 (средствата се префрлаат на сметка на УНДП) | 700.000 | 1.000.000 | 1.700.000 |
| 11 | Г1 | Финансиска поддршка на Центарот за развој на Источниот Плански Регион и Организација на потрошувачи | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 12 | Г1 | Финансиски средства за сместување на гости и учесници во манифестации | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 13 | ЈД | Консултантски услуги (изработка на елаборати, студии, извештаи и проектна документација) | 300.000 | 0 | 300.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **14** | **Е0, ЕА** | Business Friendly Certification на општина Кочани | **300.000** | **0** | **300.000** |
| **15** | **Г1** | Младинска локална банка | **120.000** | **0** | **120.000** |
| **16** | **ЈГ** | Замена на стари куќни водомери со нови хоризонтални и вертикални повеќемлазни водомери комплет со (Clip ON) радио модел како и замена на старите хоризонтални водомери со нови ултразвучни водомери и комбинирани водомери и нивна интеграција во системот за далечинско одчитување на КЈП Водовод - Кочани со негова надградба и набавка на дополнителна опрема за далечинско одчитување | **0** | **45.257.626** | **45.257.626** |
| **17** | **ЈД** | Уредување на СРЦ Поникваа преку ЦРИПР | **1.238.073** | **7.561.214** | **8.799.287** |
| **18** | **ЕА** | Проектот „Зад урбаното“URBACT Програма | **100.000** | **1.900.000** | **2.000.000** |
| **19** | **ЈД** | Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион преку ЦРИПР | **580.400** | **11.100.00** | **11.680.400** |
| **20** | **ЈД** | Поставување на сообраќајна урбана опрема во градот Кочани | **1.500.000** | **1.800.000** | **3.300.000** |
| | | **ВКУПНО** | **20.758.432** | **133.443.721** | **154.202.153** |

**6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2024 година ќе ја имплементира Секторот за планирање и развој во соработка со Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи, како и со Секторот за уредување и располагање со градежното земјиште, а и останатите одделенија релевантни за економскиот развој. Организацијата на програмата ќе се прилагодува на фазите на имплементација на веќе одобрените и евентуалната имплементација на нови проекти финансирани од домашни и меѓународни организации.

Во зависност од видот и методологијата на имплементација на проектите, од страна на Градоначалникот, Секретарот и надлежните раководители ќе бидат формирани проектни тимови. Врз основа на напред кажаното и во зависност од приливот на финансиски средства можни се измени и дополнувања на активностите предвидени во Програмата.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

IIОваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 2221/1
15.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев